Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 мај 2022 година

Скопје, мај 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 мај 2022 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи и членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство и доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 34-та, 36-та, 38-та, 40-та и 41-та седница на Владата, одржани на 29 март, 5, 12, 19 и 26 април 2022 година.

Пред преминување на дневен ред

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција

1. Информација за состојбата на книговодствена залиха на пченица и јачмен за период од 2007 до 2021 година, со Предлог-одлука

2. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор
- Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба на ул. Видое Смилевски-Бато бр.51/2-26 во Скопје
- Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор наменет за продажба и
- Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба

3. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (Агенција за вработување на Република Северна Македонија)

4. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Здравствен дом Железничар-Скопје)

5. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи)

6. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 26 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и предлог-одлуки за престанување на важење на одлуките за давање согласност на решенијата

7. Предлог-закон за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка

8. Информација за потребата од прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје во категорија III-споменик на природа, со Предлог одлука

9. Информација за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Фуего грозд ДООЕЛ, ул.Ристо Јанев бр.29-Гевгелија, со Предлог-одлука

10. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с.Љуботен-Штип, со Предлог-одлука

11. Предлог-закон за ратификација на Конвенцијата за договорите за избор на надлежен суд

12. Предлог-закон за ратификација на изменувањето и дополнувањето на Анекс 4 на Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006), утврдувајќи го Протоколот кој се однесува на дефиниција на поимот „производи со потекло“ и методите на административна соработка наведени во член 14 ставови 1 и 3 согласно Одлуката на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија бр.1/2021 усвоена на 21 јуни 2021 година за укинување и замена на Одлука бр.3/2013 и Одлука 3/2015 на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија

13. Извештај за завршени преговори за усогласување на текстот на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за заемно ослободување од барањето за поседување виза за влез за носителите на дипломатски, специјални и службени пасоши, со усогласен текст на Меморандум

14. Информација за подготовките на вториот Преспа форум за дијалог – ПФД 2022 година

15. Информација за потпишување на Вториот дополнителен Протокол кон Конвенцијата на Советот на Европа за компјутерски криминал за зајакнување на соработката и споделување електронски докази, со усогласен текст на Вториот дополнителен Протокол

16. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „Зајакнато истурено присуство“ (enhanced Forward Presence-eFP), во Република Летонија

17. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на „Здружение на самохрани родители Скопје“-Скопје

18. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.4125/1 и КП бр.4101 КО Македонски Брод и на КП бр.1241 КО Самоков- Општина Македонски Брод)

19. Информација во врска со начинот на постапување на дипломатско – конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство во постапката за издавање на пасош

20. Предлог-закон за изменување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

21. Предлог-закон за изменување на Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење

22. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државен студентски дом „Скопје“-Скопје

23. Информација за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189

24. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка (поднесен од група пратеници)

25. Предлог-закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, по скратена постапка (поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов)

26. Годишен извештај за работата за 2021 година, Финансиски план за 2022 година, Стратешки план за 2022 година и Годишна програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година

27. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2021 година

28. Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2021 година

29. Годишен извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2021 година

30. Барање за давање на автентично толкување на член 205 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“, бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), поднесено од пратеникот Јован Митрески

31. Кадровски прашања

32. Прашања и предлози

33. Извештај за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (период јануари-декември)

34. Информација со Извештај за реализирани активности за 2021 година од Националната стратегија за развој на концептот „Едно општество за сите и интеркултурализам“

35. Информација за Годишниот извештај за оценување на административните службеници во Република Северна Македонија за 2021 година

36. Информација со Годишен извештај за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници во Република Северна Македонија за 2021 година

37. Информација за тековниот статус на активностите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија

38. Информација за тековниот статус на годишни активности на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за 2021 година

39. Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје (сметка за средства од Фондот 737) и Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје (сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 531)

40. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Trojan Footprint 22" („Тројан футпринт 22"), со Предлог-одлука

41. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Trojan Footprint 22" („Тројан футпринт 22"), на територија на Сојузна Република Германија, Република Хрватска и Република Грција, со Предлог-одлука

42. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „EFES 22" во Република Турција, со Предлог-одлука

43. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Combined resolve - 17" во Хохенфелс Сојузна Република Германија, со Предлог-одлука

44. Информација за засновање на работен однос со сопруга на починат учесник во НАТО операцијата КФОР во Република Косово

45. Записник од Седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 3 мај 2022 година, со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести одржан на 27 април 2022 година

46. Информација за преземените активности во врска со постапката на основање на трговско друштво за приредување на електронски игри на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

47. Барање за давање на автентично толкување на член 7 став (3) од Законот за игри на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), поднесено од пратеникот Рина Ајдари

48. Предлог-програма за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022 година

49. Информација во врска со преземени активности за запирање на постапка за ликвидација за Грант корисник од Холандија во врска со Грант договор финансиран од ЕУ во рамки на ИПА Програмата за развој на човечки ресурси 2007-2013

50. Информација за усвојување на План-протокол за прифаќање, згрижување и сместување, како и регулирање на статусот на лица кои од Украина ќе допатуваат во Република Северна Македонија како последица на воените дејствија и лица кои се затекнале на територија на Република Северна Македонија од 24 февруари 2022 година, а кои заради безбедносна состојба не се во можност да се вратат во Украина
51. Информација за продолжување на рокот за доставување на понуда за учество во втора фаза од постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија и реализација на проектот за изградба на хидроелектрични централи на Црна Река, со изменета тендерска документација за Фаза 2- инструкции за понудувачите

52. Информација со Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Инспекциски совет

*

*　　*

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 34-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 март 2022 година, Записникот од 36-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 април 2022 година, Записникот од 38-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 април 2022 година, Записникот од 40-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 април 2022 година и Записникот од 41-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 април 2022 година.

*

*　　*

Пред преминување на Дневен ред
- Информација за задолженијата за надлежните институции за мерките и активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акциски план за нејзино спроведување на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2021, 2022 година и континуирано

Владата ја разгледа Информацијата за задолженијата за надлежните институции за мерките и активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акциски план за нејзино спроведување на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2021, 2022 година и континуирано, ја усвои Информацијата и ги задолжи сите надлежни институции наведени во Табелата во прилог, кои не постапиле по Заклучокот, донесен на Деветнаесетта седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 март 2022 година, а чии задолженија не се реализирани во прв и втор квартал 2021 година, во рок од 14 дена до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, да предложат нови рокови за реализација на активностите во 2022 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за состојбата на книговодствена залиха на пченица и јачмен за период од 2007 до 2021 година, со Предлог - одлука поради потребата од дополнителни усогласувања со Агенцијата за стокови резерви.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 2**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба на ул. Видое Смилевски- Бато бр.51/2-26 во Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи најновите текстови на Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор наменет за продажба и Предлог– одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба, да се разгледаат на наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледаат на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Агенцијата за катастар на недвижности ќе достави ново мислење по истите.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенција за национална безбедност на Република Северна Македонија, во предложениот текст (ПМВ ауди А8).

2. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи, во предложениот текст (ПМВ опел фронтера).

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Струга, во предложениот текст (ПМВ опел зафира).

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Музеј на македонската борба - Скопје, во предложениот текст (ПМВ опел астра).

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија и онкологија - Скопје, во предложениот текст (ПМВ БМВ 530).

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О. - Скопје, во предложениот текст (ПМВ тојота).

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Дебар, во предложениот текст (ТМВ мерцедес).

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за финансии - Царинска управа, во предложениот текст (ПМВ форд тоурено).

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Основен кривичен суд Скопје, во предложениот текст (ПМВ пежо 207).

10. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи, во предложениот текст (ПМВ пасат).

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи, во предложениот текст (ПМВ фиат пунто).

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, во предложениот текст (ПМВ форд галакси).

13. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, во предложениот текст (ПМВ фиат дабло).

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи, во предложениот текст (ПМВ опел фронтера).

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Илинден, во предложениот текст (ПМВ опел зафира).

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државен инспекторат за земјоделство, во предложениот текст (моторни чамци).

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи, во предложениот текст (ПМВ пасат).

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за култура, во предложениот текст (ПМВ јагуар).

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Чашка, во предложениот текст (ПМВ ауди А6).

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Трговско друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст (ПМВ гранд чирок).

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О. – Скопје, во предложениот текст (ТМВ мерцедес).

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за иселеништво, во предложениот текст (ПМВ сеат ибица).

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Берово во предложениот текст (трактор).

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје Јасен Скопје, во предложениот текст (ПМВ мерцедес).

25. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за образование и наука, во предложениот текст (ПМВ БМВ).

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност, во предложениот текст (ПМВ голф 4).

27. Одлуката за престанок на важење на Одлуката бр.41-42/7 од 1.2.2022 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на НУ завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид, во предложениот текст.

28. Новиот текст на Одлуката за престанок на важење на Одлуката бр.44-11894/13-20 од 5.1.2021 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи, во предложениот текст.

29. Одлуката за престанок на важење на Одлуката бр. 40-8808/27 од 23.11.2021 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Тетово, во предложениот текст.

30. Одлуката за престанок на важење на Одлуката бр. 40-5107/14 од 1.6.2021 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Државен студентски дом Томе Стефановски - Сениќ, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници м-р Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети-Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје во категорија III-споменик на природа, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје во категорија III - споменик на природа

2. Ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје во категорија III - споменик на природа, во предложениот текст.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да спроведе јавна расправа по Предлогот до 30 јуни 2022 година, да изготви конечен предлог за прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје во категорија III-споменик на природа и да го достави за усвојување до Владата, најдоцна до 30 септември 2022 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењета на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за планирање на просторот, Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за финансии и Министерството за одбрана .

**Точка 9**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Фуего грозд ДООЕЛ, ул. Ристо Јанев бр.29–Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с.Љуботен-Штип, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Конвенцијата за договорите за избор на надлежен суд, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчевски, министер за правда, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници д-р Нада Симјаноска, раководител на сектор во Министерство за правда и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

## Точка 12

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за ратификација на изменувањето и дополнувањето на Анекс 4 на Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006), утврдувајќи го Протоколот кој се однесува на дефиниција на поимот „производи со потекло“ и методите на административна соработка наведени во член 14 ставови 1 и 3 согласно Одлуката на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија бр.1/2021 усвоена на 21 јуни 2021 година за укинување и замена на Одлука бр.3/2013 и Одлука 3/2015 на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Блерим Златку, државен советник во Министерство за економија, Илир Шабани, раководител на сектор во Министерството за економија и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

## Точка 13

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за усогласување на текстот на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за заемно ослободување од барањето за поседување виза за влез за носителите на дипломатски, специјални и службени пасоши, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот усогласен текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за заемно ослободување од барањето за поседување виза за влез за носителите на дипломатски, специјални и службени пасоши.

2. Го определи Абдулкадар Мемеди, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во Обединетите Арапски Емирати во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за заемно ослободување од барањето за поседување виза за влез за носителите на дипломатски, специјални и службени пасоши.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за подготовките на вториот Преспа форум за дијалог – ПФД 2022 година, ја усвои и ги задолжи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, а препорача на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија и Општина Охрид, во рок од седум дена до Министерството за надворешни работи да номинираат свој претставник во работната група за подготовка на вториот меѓународен форум во рамките на Преспа форумот за дијалог – ПФД 2022.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Вториот дополнителен Протокол кон Конвенцијата на Советот на Европа за компјутерски криминал за зајакнување на соработката и споделување електронски докази, со усогласен текст на Вториот дополнителен Протокол и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Вториот дополнителен Протокол кон Конвенцијата за компјутерски криминал за зајакнување на соработката и споделување електронски докази.

2. Се определува Светлана Гелева, амбасадор и постојан претставник на Република Северна Македонија при Советот на Европа, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Вториот дополнителен Протокол кон Конвенцијата за компјутерски криминал за зајакнување на соработката и споделување електронски докази.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „Зајакнато истурено присуство“ (enhanced Forward Presence-eFP), во Република Летонија, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на „Здружение на самохрани родители Скопје“-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.4125/1 и КП бр.4101 КО Македонски Брод и на КП бр.1241 КО Самоков-Општина Македонски Брод), во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со начинот на постапување на дипломатско - конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство во постапката за издавање на пасош, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и Министерството за финансии, заемно да договорат и во рок од 30 дена до Владата да достават информација за начинот на наплата на образец на пасош, начинот на доставување на документи за одобрување на барање за пасош и други прашања неопходни за доследно спроведување на одредбите од Упатството за начинот и постапката за поднесување на барање за издавање на пасош во дипломатско -конзуларното претставништво на Република Северна Македонија во странство, како и за начинот на водење на евиденција за поднесените барања.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник м-р Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

## Точка 22

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државен студентски дом „Скопје“-Скопје, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 23

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189.

## Точка 24

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и имајќи го предвид Амандманот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници го утврди следното мислење:

Со предложените измени се дава можност, покрај здравствените работници со најмалку шест месеци работа, согласно стекнатата лиценца за работа во примарна здравствена заштита во здравствен дом, на специјализација да се запишат и здравствени работници кои имаат шест месеци работен стаж во струката како здравствен работник со високо образование или работно искуство во здравствена установа од шест месеци како здравствен работник со високо образование, односно на специјализација да се запишат здравствените работници со претходно искуство во укажување на здравствени услуги

на пациентите по завршувањето на образованието и стекнувањето на лиценцата за работа.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

## Точка 25

Владата го разгледа Предлог-законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следново мислење:

Со барањето на овластените предлагачи се предлага Предлог-закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата со тоа што условите кои досега беа предвидени во претходните вакви закони значително би се олесниле.

Имено со овој закон се предлага следново законско решение:

„Член 1
Со овој закон се уредуваат условите за стекнување и начинот на користење на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок, на невработените лица на кои им престанал работниот однос по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок (во натамошниот текст : невработено лице), во претпријатија со доминантна сопственост на државата или по нивна приватизација, во периодот од 1 јануари 1993 година, заклучно со 31 декември 2021 година.
Член 2
Невработено лице во смисла на членот 1 од овој закон е лицето:

-кое било најмалку 10 години во работен однос во претпријатија со доминантна сопственост на државата, утврден со М1/М2 обрасци;

-на кое работниот однос му престанал по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок, заклучно со 31 јуни 2020 година, во претпријатие со доминантна сопственост на државата или на кое работниот однос му престанал по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок, по приватизација на претпријатието, под услов истиот да бил заснован додека претпријатието било со доминантна сопственост на државата и при приватизацијата да не дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), а доколку дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), претпријатието да произлегло од претпријатието со доминантна сопственост на државата врз основ на статусна промена, согласно закон;

-кое на денот на поднесување на барањето од член 6 став 1 од овој закон е на возраст од најмалку 52 години (жена), односно 55 години (маж);

-кое остварило право на паричен надоместок по 1 јануари 1993 година и

-кое од 31 декември 2021 година до денот на влегување во сила на овој закон не било во работен однос.
Член 3
Овој закон не се однесува на оние лица кои примиле испратнина поголема од 12 месечни плати во висина над просечната исплатена месечна нето-плата во Република Северна Македонија во дадениот период.

Член 4
Невработеното лице има право на месечен паричен надоместок во висина од 40 % од просечно исплатената месечна нето-плата по работник во Републиката за претходната година.
Член 5
Правото на паричен надоместок невработеното лице од членот 2 од овој закон, го остварува до негово вработување или пензионирање, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок, утврдени со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Член 6
Право на паричен надоместок, согласно овој закон, може да оствари невработено лице кое ќе поднесе барање до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата за вработување) каде што е евидентирано, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Агенцијата за вработување, правото на паричен надоместок од ставот 1 на овој член го утврдува врз основа на лично барање на невработеното лице. Правото на паричен надоместок, согласно овој закон, се остварува од денот на поднесување на барањето до Агенцијата за вработување.
Доколку барањето не е поднесено во рокот од ставот 1 на овој член, надлежниот орган барањето ќе го отфрли како ненавремено.

Член 7
Со остварувањето на правото на паричнио надоместок согласно одредбите од овој закон, на невработеното лице му престанува правото на парични примања по други основи.

Член 8
Владата на Република Северна Македонија, преку Централниот депозитар на хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија, ќе обезбеди список со податоци за претпријатијата во кои Република Северна Македонија се јавува како доминантен сопственик на капиталот и за претпријатијата со доминантна сопственост на државата кои биле приватизирани, а во кои не дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), како и за претпријатијата со променет единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) кои произлегле од претпријатијата со доминантна сопственост на државата, врз основ на статусна промена и истиот ќе го достави до Агенцијата за вработување, во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 9
Постапките за остварување на право на материјално обезбедување на невработените лица започнати до денот на влегување во сила на овој закон, ќе завршат според Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Македонија" бр. 132/17 и 51/18), Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 198/18 и 241/18) и Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/20 и 174/21).

Член 10
За прашањата што не се уредени со овој закон и за прашањата за кои овој закон не упатува на примена на друг закон, се применуваат одредбите од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, кои се однесуваат на невработените лица-корисници на паричен надоместок.

Член 11
Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21).
Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија.

Со Предлог-законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, во членот 2 се предлага, невработено лице да се смета лице кое има најмалку 10 години во работен однос во претпријатија со доминантна сопственост на државата што се утврдува со М1/М2 обрасци.

Напред предложениот закон, предвидува висината на материјалното обезбедување да изнесува 40% од просечната плата по работник исплатена во Републиката за претходната година пред годината во која би се остварило правото на материјално обезбедување.

Со Предлог-законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата рокот за поднесување на барањето за остварување на правото се предлага да биде една година, од денот на влегување во сила на Законот.

Во причините за донесување на предложеното законско решение нема податоци за вкупниот број на лица кои би се опфатиле со овој закон и податоци за потребни средства за негова имплементација.

Во соработка со релевантни институции и субјекти, Министерството за труд и социјална политика како ресорно и надлежно министерство во однос на овој закон, ќе направи анализи за бројот на лицата кои би биле опфатени со овој Предлог-закон и за финансиските импликации што би ги предизвикал истиот.

Владата, по однос на прашањето за материјално обезбедување по направените сеопфатни потребни анализи ќе предложи законско решение со кое целосно ќе се реши проблемот на невработените лица по основ на стечај ликвидација и технолошки вишок.

Врз основа на напред наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија, да не го донесе предложениот Закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата предложен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов, како законски овластени предлагачи на законот.

## Точка 26

Владата ги одложи од разгледување Годишниот извештај за работата за 2021 година, Финансискиот план за 2022 година, Стратешкиот план за 2022 година и Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година, поради потребата Министерството за финансии да подготви заедничкото мислење во соработка со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 27

Владата го одложи од разгледување Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2021 година, поради потребата Министерството за економија да достави заедничко мислење подготвено во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 28

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2021 година, поради потребата Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, да подготви заедничко мислење по материјалот.

Материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 29

Владата го разгледа Годишниот извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2021 година и притоа го утврди следното мислење:
Годишниот извештај е структуиран на јасен и аналитички начин и дава приказ на реализираните активности и информации за реализација на буџетот, како и податоци кои се во согласност со член 3 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја исполнува обврската која произлегува од членот 21 став 25 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и согласно ставот 26 од овој член истиот треба да го објави на интернет-страницата на Комисијата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење во однос на Годишниот извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2021 година.

**Точка 30**

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 205 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 123/13 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), поднесено од пратеникот Јован Митревски и притоа го утврди следното мислење:

Пратеникот Јован Митревски во Собранието на Република Северна Македонија согласно членот 175 од Деловникот на Собранието поднел барање за давање на автентично толкување на одредбата од член 205 од Законот за облигационите односи.

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот, како и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите. Судската заштита е посебен облик на организирана правна заштита. Неа ја даваат, по правило, судовите според посебни правила на постапката кои се детално утврдени со закон. Странката за да го оствари своето повредено, загрозено или вознемирено субјективно право, се обраќа до надлежниот орган или суд со барање за соодветна заштита. Во постапката за правна заштита, судот испитува, на начин пропишан со процесното право, дали постои наводното субјективно право кое правниот субјект сака да го оствари и ги определува мерките на негова заштита.

Принудата која судот ќе ја примени секогаш се движи во рамките на општите правила на постапување кои се предвидени со процесното право и тоа подеднакво за сите субјекти што учествуваат во постапката за заштита и остварување на правото. Правната заштита на субјективните права кои произлегуваат од корпусот на различните граѓанско-правни односи е уредена со посебни процесни правила. Оваа заштита, на барање на носителот на субјективното право што е повредено, оспорено или загрозено, ја дава судот во посебна постапка за судско остварување на правата – граѓанско-судска постапка. Правната заштита се обезбедува според правилата на редовната (општата) парнична постапка уредена со Законот за парничната постапка.

Со Законот за облигационите односи се уредуваат основите на облигационите односи, договорните и други облигациони односи во прометот на стоки и услуги.

Одделот 3 од Законот за облигационите односи го уредува поимот „Стекнување без основ“ како едно од најзначајните прашања за остварување на правото.

Во Оддел 3 Отсекот 1 од Закон за облигациони односи се дадени општите правила за стекнувањето без основ, а Отсекот 2 ги уредува правилата на враќањето (кога не може да се бара враќање, двојна исплата на долг, извршување на некоја природна обврска или морална или општествена должност, обем на враќање, надомест на трошоците, кога може да се задржи примемото). Членовите 206, 207 и 208, исто така, спаѓаат во истиот отсек од Закон за облигациони односи.

Членот 205 од Законот гласи: „(1) Не може да се бара враќање на неосновано платени износи на име надомест на штетата поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт, доколку исплатата му е извршена на совесен прибавувач.‘‘

Одредбата со наслов „Кога може да се задржи применото" од членот 205 определува ситуација кога не може да се бара враќање на неосновано платени износи извршени на име надомест на штета. Впрочем, таков е случајот кога надоместот на нематеријална штета при повреда на телото, нарушување на здравјето се дава поради претрпените душевни болки, а не надомест за самата повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт.

Оттука, според оваа одредба не треба да се враќа тој надомест било да е платен доброволно, било врз основа на судска одлука. Услов е прибавувањето да не знаел ниту можел да знае, земајќи ги предвид околностите на случајот, дека правно неосновано ги примил износите што му се платени. Се смета дека, ако настане причина за враќање, а тоа не може да се бара од прибавувачот, во тој случај лицето што ги платило тие износи може да бара надомест на тие износи од лицето што било должно да ги плати бидејќи сторило издаток за него, со кој тоа лице неосновано се збогатило. Имено, досегашната судска практика укажува на примерите кога штетата од членот 205 во одредени ситуации се однесува како на материјалната, така и на нематеријалната штета.

Имено, членот 189 со наслов ,,Справедлив паричен надоместок" се однесува на паричен надомест на нематеријална штета според условите и претпоставките содржани со тие одредби. Со овие одредби за надомест на нематеријална штета се настојува решенијата да бидат во согласност со природата на нештата и специфичната цел на надоместот, што се остварува во личноста на оштетениот.

Оттука, согласно ставот 2 на овој член при одлучувањето за барањето на надомест на нематеријална штета , како и за височината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спојливи со неговата природа.

Оттука, нападот на личните добра на човекот (чест, углед, слобода, телесен интегритет), покрај материјалната штета може да предизвика и неимотна штета, која би можела да се појави во нарушувањето на психичката рамнотежа, нарушување на нормална душевна состојба, трпење на физички или душевни болки. Неможноста овој вид на штета да се надомести со парични еквиваленти, не може да биде причина да остане ненадоместена и дека само поради тоа личните добра на човекот да останат на подрачјето на цивилната одговорност незаштитени. Можноста надоместот на штетата за повреда на честа да се побарува од лукративни причини, бара судовите да бидат внимателни при расправање на споровите на овој вид и тој надомест да се ограничи само на релевантните напади кои според својот интензитет и според приликите на општествената средина предизвикуваат јасно манифестирана повреда на честа на човековата личност.

Имајќи ја предвид одредбата од член 314 став 1 од Законот за парнична постапка дека странката на која и се наложува некакво чинење во пресудата, истото треба да го изврши во определениот рок во пресудата, а доколку тоа не го стори странката во чија корист е досудена пресудата, може тоа да го бара по присилен пат.

Од содржината на одредбата од член 374 од Законот за парнична постапка произлегува дека поднесената ревизија не го задржува извршувањето на правосилната пресуда против која е изјавена. Оттука, произлегува и правото на тужителот да бара извршување на своето правосилно досудено парично побарување доколку тужениот во рок тоа сам не го стори, наплатата на правосилно досуденото парично побарување може да го стори преку извршител и со самото тоа не го прави несовесен затоа што тој наплатата ја извршил врз основа на правосилна и извршна пресуда. Следствено на наведеното, тужениот во постапка за стекнување без основ се смета за совесен прибавувач и на овој начин се исклучува правото на тужителот да бара враќање на неосновано платените износи на надомест на штета поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт.

Дополнително, законското решение се применува од страна на сите судови непречено и оттука, по разгледување на сите теоретски и практични причини Владата е на мислење дека одредба од членот 205 од Законот за облигациони односи е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, согласно што нема потреба од давање на автентично толкување за наведената одредба.

## Точка 31

Владата на Стево Крстевски разрешен од должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, му утврдува право да оствраува плата по престанок на функцијата за време од 9 месеци, сметано од 19.4.2022 година до 19.1.2023 година.

## Точка 32

1. По повод одбележувањето на 4 Мај, годишнината од смртта на Гоце Делчев, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1) Делегација од Владата на Република Северна Македонија, во состав: м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот транспорт и врски да положи цвеќе на гробот во црквата Св.Спас на 4 мај 2022 година, со почеток во 10:30 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди свежи цвеќиња (венци) за делегацијата.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за одбележување на настанот, преку Одделението за протокол да ги достави свежите цвеќиња (венци) до локацијата и да обезбеди протоколарно лице кое ќе ја проследи делегацијата на локацијата.

4) Се задолжува Секторот за односи со јавност да организира тим од официјални фото и видео и да подготви медиумски пакет за јавноста.

5) Се задолжува Министерството за одбрана/Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди опрема за положување на цвеќе и гардисти, како и фанфарист, според спецификација на Организацискиот одбор.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја обезбеди делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 18 април 2022 година до 24 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 21 април 2022 година до 27 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 16 април до 22 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

5. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 14 април 2022 година до 20 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

6. Владата по повод 9 Мај - Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа заклучи:

1) Делегација на Владата на Република Северна Македонија, во состав Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, да положи свежо цвеќе (венец) на партизанските гробишта - Бутел со почеток во 9:00 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди свежи цвеќиња (венци) за делегацијата.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за одбележување на настанот, преку Одделението за протокол да ги достави свежите цвеќиња (венци) до локацијата и да обезбеди протоколарно лице кое ќе ја проследи делегацијата на локација.

4) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, преку Секторот за односи со јавност да организира тим од официјални фото и видео репортери и да подготви медиумски пакет за јавноста.

5) Се задолжува Министерството за одбрана/Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди опрема за положување на цвеќе и гардисти како и фанфарист, согласно спецификација на Организациониот одбор.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да ја обезбеди делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

7) Се укажува на Градски гробишта Бутел АД Скопје, за одбележување на настанот, да ја расчистат локацијата околу Партизанските гробишта и да го подготват за положување на свежо цвеќе (венец).

7. Владата по повод 9 Мај - Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа заклучи:

1) Делегација на Владата на Република Северна Македонија, во состав Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, да положи свежо цвеќе (венец) на споменикот „Ослободители на Скопје", до зградата на Владата на Република Северна со почеток во 9:45 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди свежи цвеќиња (венци) за делегацијата и за Сојузот на борци, како и столчиња и говорница.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за одбележување на настанот, преку Одделението за протокол да ги достави свежите цвеќиња (венци) на локацијата и да обезбеди протоколарно лице кое ќе ја проследи делегацијата на локацијата.

4) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, преку Секторот за односи со јавност да организира тим од официјални фото и видео репортери и да подготви медиумски пакет за јавноста.

5) Се задолжува Министерството за одбрана/Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди опрема за положување на цвеќе и гардисти како и фанфарист, согласно спецификација на Организациониот одбор.

6) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди техничка и логистичка опрема, озвучување и да ги покрие материјалните трошоци за одбележување на настанот.

7) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да ја обезбеди делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

8. Владата го разгледа и го прифати Барањето за престанување на важење на заклучоци на Владата поднесено од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија бр.46-3733/1 од 28.4.2022 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1) Да престане да важи заклучокот под архивски број 19-1855/1 од 22.4.2009 година под реден број 10 од Шеесет и третата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 21.4.2009 година, донесен по Информацијата за трет пакет на антикризни мерки.

2) Да престане да важи заклучокот под архивски број 19-3963/1 од 5.8.2009 година под реден број 5 и 6 од Деведесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 1.8.2009 година, донесени пред преминување на дневен ред по Информацијата за начинот на пријавување на исплатите на хонорари на комисиите со Извештај за исплаќање на хонорари на комисиите.

3) Да престане да важи заклучокот под архивски број 41-17/73 од 18.7.2012 година од точка 75 Прашања и предлози од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.7.2012 година, во врска со доставување на прегледи за службени патувања од институциите.

**Точка 33**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (периодот јануари-декември), како материјал за информирање.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата со Извештај за реализирани активности за 2021 година од Националната стратегија за развој на концептот „Едно општество за сите и интеркултурализам“, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата на барање на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за Годишен извештај за оценување на административните службеници во Република Северна Македонија за 2021 година за наредната седница на Владата откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисија за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата со Годишен извештај за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници во Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за тековниот статус на активностите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија (јули-декември 2021 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, во иднина да не доставува до Владата шестмесечни извештаи за тековниот статус на болниците во процесот за акредитација, туку потребно е само да се почитуваат одредбите на Законот за здравствената заштита, во врска со следењето и унапредувањето на квалитетот на здравстената заштита.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за тековниот статус на годишни активности на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 39

Владата ги разгледа Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје (сметка за средства од Фондот 737) и Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје (сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 531), како материјал за информирање.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Trojan Footprint 22“ („Тројан футпринт 22“), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Trojan Footprint 22“ („Тројан футпринт 22“), со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерство за финансии-Царинска управа, а им се укажува на Агенцијата за цивилно воздухопловство, Јавното претпријатие за државни патишта, АД М-НАВ и Националниот координативен центар за гранично управување, во координација со Министерството за одбрана да преземат мерки за непречено преминување на државната граница на три авиони, едно беспилотно летало, вооружување, муниција, опрема и материјално-технички средства

на вооружените сили на странските држави на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерство за финансии-Царинска управа, а им се укажува на Агенцијата за цивилно воздухопловство, Јавното претпријатие за државни патишта, АД М-НАВ и Националниот координативен центар за гранично управување, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки за ослободување од процедури за движење и транспорт на три авиони, едно беспилотно летало, вооружување, муниција, опрема и материјално-технички средства на вооружените сили на странските држави на територијата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерство за финансии-Царинска управа, а им се укажува на Агенцијата за цивилно воздухопловство, Јавното претпријатие за државни патишта, АД М-НАВ и Националниот координативен центар за гранично управување, да одредат по едно лице, за координација со лицето задолжено од Армијата на Република Северна Македонија, во врска со активностите за подготовките за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана во рок од три дена.

**<u>Точка 41</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Trojan Footprint 22“ („Тројан футпринт 22“), на територија на Сојузна Република Германија, Република Хрватска и Република Грција, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Trojan Footprint 22“ („Тројан футпринт 22“) во Сојузна Република Германија, Република Хрватска и Република Грција, со заклучок текстот на истата претходно да се усогласи со Секретаријат за законодавство.

**<u>Точка 42</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „EFES 22“ („ЕФЕС 22“) во Република Турција, со Предлог-одлука, ја усвои информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „EFES 22“ („ЕФЕС 22“), во Република Турција, во предложениот текст.

**<u>Точка 43</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Combined resolve-17“ („Комбинирана решеност-17“) во Хохенфелс Сојузна Република Германија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Combined Resolve 17“ („Комбинирана решеност-17“), во Хохенфелс, Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за засновање на работен однос со сопруга на починат учесник во НАТО операцијата КФОР во Република Косово, ја усвои Информацијата и ја овласти Славјанка Петровска министерот за одбрана, да потпише Договор за вработување, без јавен оглас, со лицето Силвана Чакаловска, за работното место за кое ги исполнува општите и посебните услови предвидени за вработување на истото во Министерството за одбрана.

**Точка 45**

Владата го разгледа Записникот од Седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 3 мај 2022 година, со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 27 април 2022 година и го усвои Записникот со следните заклучоци:

1. Да престанат да важат сите рестриктивни мерки, освен мерката за задолжително носење заштитни маски во здравствените установи, аптеки, јавен превоз и установите за згрижување на стари лица и лица со попреченост.

2. Се препорачува почитување и практикување на основните превентивни мерки за превенција и заштита од КОВИД-19 и тоа:

- практикување на негрупирање и одржување на физичка дистанца;
- носење на заштитни маски на јавни места особено во затворен простор кога нема можност за одржување на физичка дистанца;
- честа хигиена на раце (миење со сапун или употреба на дезинфициенти за раце);
- честа вентилација на затворените простории;
- добра респираторна хигиена (кашлање во марамче или во лактот) и
- изолација во домашни услови на сите кои не се чуствуваат добро.

3. Се препорачува здравствените домови да ја интензивираат теренската вакцинација на старите лица над 80 години, со оглед на нискиот опфат во оваа возрасна група.

4. Со оглед на моменталниот вакцинален опфат од 75% кај здравствените работници, се задолжува Министерството за здравство до сите здравствени установи да испрати допис со потсетување за потребата и значењето на вакцинацијата против – КОВИД-19 на здравствените работници.

Согласно ова, да се подготви одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот Sars-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 46**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за преземените активности во врска со постапката на основање на трговско друштво за приредување на електронски игри на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

**Точка 47**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 7 став (3) од Законот за игри на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), поднесено од пратеникот Рина Ајдари и притоа го утврди следново мислење:

Согласно Барањето за автентично толкување на член 7 став (3) од Законот, не е јасно дали согласно овие законски одредби, трговското друштво за приредување на игрите на среќа во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина, може преку постапка за заедничко вложување да основа повеќе нови трговски друштва за приредување електронски и интернет игри на среќа.

Во оваа смисла согласно член 7 став (2) е утврдено дека лотариските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, Република Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.
Притоа во ставот (3) од истиот член е утврдено дека електронските и интернет игрите на среќа се приредуваат од страна на трговското друштво од ставот (2) на овој член, само или заедно со други приредувачи, при што без оглед на формата на здружување ова трговско друштво треба да има најмалку 51% учество во капиталот и во правото на одлучување во здружувањето.

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби од член 7 став (3) од Законот произлегува дека не е утврдено ограничување за видот на формата на здружување, ниту е ограничена можноста вложувањето да биде повеќекратно, односно со формирање на повеќе трговски друштва за приредување на електронските и интернет игрите на среќа, доколку е исполнет условот во формата на здружување трговското друштво да има најмалку 51% учество во капиталот и во правото на одлучување во здружувањето.

Предметната одредба треба да се толкува во насока дека за приредувањето на електронски и интернет игри на среќа согласно член 7 став (3) од Законот значи дека може да се користат различни форми на здружување и да се формираат повеќе трговски друштва за овој вид на игри на среќа заедно со трговското друштво во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина, доколку ова трговско друштво има најмалку 51% учество во капиталот и во правото на одлучување во наведените форми на здружување, односно трговски друштва.

## Точка 48

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата во врска со преземени активности за запирање на постапка за ликвидација за Грант корисник од Холандија во врска со Грант договор финансиран од ЕУ во рамки на ИПА Програмата за развој на човечки ресурси 2007-2013 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои опцијата за вонсудско решавање на спорот (опција 2), како поприфатлива со цел исклучување на ризикот за ненаплатување на побарувањата и дополнителните судски трошоци за постапката.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку адвокатската канцеларија на почесниот конзул на Северна Македонија во Холандија, Бено Фридберг во улога на правен застапник, да го прифати предлогот на адвокатот на СЕЕД Фондацијата за вонсудско решавање на спорот, односно повратот на средства од 2500 евра и надоместок на судските трошоци од страна на фондацијата СЕЕД и со тоа да се затвори целиот случај, да се повлече приговорот кој е доставен до судот на Северна Холандија, Харлем и да се откаже од било какви идни побарувања по овој основ.
3. Се задолжува Министерството за финансии по наплата на износот од 2.500 евра од страна на СЕЕД Фондацијата врз основа на Грант договор финансиран од ЕУ во рамки на ИПА Програмата за развој на човечки ресурси 2007-2013, да донесе одлука за отпис на преостанатиот износ на долг по однос на овој договор.

## Точка 50

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за усвојување на План-протокол за прифаќање, згрижување и сместување, како и регулирање на статусот на лица кои од Украина ќе допатуваат во Република Северна Македонија како последица на воените дејствија и лица кои се затекнале на територија на Република Северна Македонија од 24 февруари 2022 година, а кои заради безбедносната состојба не се во можност да се вратат во Украина.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на рокот за доставување на понуда за учество во втора фаза од постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија и реализација на проектот за изградба на хидроелектрични централи на Црна Река, со изменета тендерска документација за Фаза 2- инструкции за понудувачите и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за продолжување на рокот за доставување на понуда за учество во втора фаза од постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија и реализација на проектот за изградба на хидроелектрични централи на Црна Река.

2. Ја одобри измената на Тендерската документација за Фаза 2 - инструкции за понудувачите со променет рок 15.7.2022 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање навремено да ги информира сите потенцијални понудувачи кои подигнале документација за измена на рокот за достава на понуди за учество во втора фаза од постапката.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Инспекциски совет, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Инспекциски совет.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Д-р. Артан Груби**